Согласно член 36 став 1 алинеја1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и одредбите од Етичкиот кодекс на локалните функционери изготвен од ЗЕЛС и УНДП, Советот на Општина Македонски Брод на 33-та седница одржана на ден 21.02.2024 година донесе:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

## *ПОГЛАВЈЕ I – ОПФАТ НА КОДЕКСОТ*

**Член 1**
**Предмет на кодексот**

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

**Член 2**
**Значење на изразите употребени во кодексот**

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

*Локален функционер* (во понатамошниот текст: функционер) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општината, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;

*Локална самоуправа* – ги опфаќа сите општини во Република С.Македонија и градот Скопје.

*Должност* - ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именуваната позиција како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

## *ПОГЛАВЈЕ II – ПРИНЦИПИ*

**Член 3**
**Почитување на законите и актите на локалната самоуправа**

Функционерот ја извршува должноста согласно со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја постапка во целост ја приспособува кон нив.

**Член 4**
**Приоритет на јавниот интерес и негова заштита**

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или на групи поединци или на интересите на политичките партии.

**Член 5**
**Одговорност и отчет пред граѓаните**

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршење на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

**Член 6**
**Заштита на угледот на Локалната самоуправа**

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот, функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

**Член 7**
**Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа**

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршење на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

**Член 8**
**Исполнување на изборната програма и ветувањата**

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се прдржува кон нив, настојувајќи со нивно исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.